# П Р А В И Л Н И К
# за избор и работа на претседателот на Здружението на новинарите на Македонија

**Член 1**

Со овој Правилник врз основа на Статутот на Здружение на новинарите на Македонија  Собранието на ЗНМ поблиску ги определува условите и критериумите за предлагање и избор на претседател на ЗНМ, како и основните услови за негово работење.
Спроведувањето на постапката за кандидирање и избор на претседател на ЗНМ е предмет на уредување на Правилникот за работа на Собранието.

**Член 2**

Претседателот на ЗНМ го претставува и го застапува ЗНМ пред членството и јавноста и ги потпишува актите на Собранието и на ЗНМ. Претседателот е прв овластен потписник на сметките на ЗНМ и врши овластувања и работи и презема обврски кои се во согласност со Статутот и со другите општи акти и преземени обврски на ЗНМ.
Претседателот на ЗНМ е истовремено и претседател на Управниот одбор на ЗНМ и го претставува и законски го застапува Управниот одбор, ја раководи и ја организира неговата работа и ги потпишува неговите акти.
Претседателот на ЗНМ има мандат од 4 години, со право на повторен избор.

**Член 3**

Претседателот на ЗНМ во согласност со Статутот на ЗНМ располага со законски, оригинерни, статутарни и делегирани овластувања.
Претседателот во своето работење во и надвор од ЗНМ ќе води сметка дека со своето лично и професионално постапување влијае врз угледот и достоинството на ЗНМ и врз новинарската професија и ќе се воздржува од постапки со кои може да им наруши на угледот и честа на ЗНМ.
За своето работење претседателот му одговара на Собранието на ЗНМ.

**Член 4**

Изборот на претседател на ЗНМ го врши Собранието на ЗНМ.
Претседателот на ЗНМ се избира на редовно изборно или вонредно изборно собрание, по пат на тајно гласање во постапка предвидена во Правилникот за работа на Собранието на ЗНМ.
Претседателот на ЗНМ се избира од редовите на редовните членови на ЗНМ
Претседателот на ЗНМ од редот на членовите на Управниот одбор именува свој заменик кој го менува во случај на негово отсуство и привремена спреченост за работа.
Доколку претседателот на ЗНМ е отсутен или спречен да ја врши функцијата подолго од 3 (три) месеци, се свикува вонредно изборно собрание.

**Член 5**

За претседател на ЗНМ може да се кандидира секој редовен член на ЗНМ кој има поддршка од најмалку 10 (десет) редовни членови и кој ги исполнува следните критериуми:

- намирени обврски кон ЗНМ;
- најмалку 8 години професионално искуство.

За претседател на ЗНМ не може да се кандидира лице кое извршува функција во политичка партија.

**Член 6**

Доколку на претседателот на ЗНМ му престане членството во ЗНМ, односно повеќе не е редовен член во ЗНМ или биде избран за функционер во политичка партија или поради некоја друга причина повеќе не може да ја врши функцијата претседател на ЗНМ, во тој случај се свикува вонредно изборно собрание во рок од 60 дена за избор на нов претседател на ЗНМ.
До изборот на нов претседател на ЗНМ функцијата претседател на ЗНМ ќе ја врши заменикот на претседателот на Собранието на ЗНМ.

**Член 7**

Претседателот на ЗНМ го претставува и го застапува ЗНМ; ги свикува и претседава со седниците на Собранието и на Управниот одбор; ги спроведува одлуките на Собранието на ЗНМ и на УО; ги потпишува актите што ги донесуваат Собранието, УО и другите акти што ги склучува ЗНМ; ги прогласува наградите и признанијата на ЗНМ; подготвува извештај за работата на Управниот одбор; врши и други работи што ќе му ги доделат Собранието и УО, а кои се во согласност со Статутот и со другите општи акти и преземени обврски на ЗНМ.
Претседателот на ЗНМ е прв овластен потписник на сметките на ЗНМ.

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје, 23 април 2016 година

Претседател на ЗНМ,
Насер Селмани